**Известување за концентрација со која КРОАТИА осигурање д.д.., Загреб, Република Хрватска и АВ Интернатионал ГмбХ., Виена, Австрија, имаат намера да основаат заедничко вложување врз основа на кој ќе се основаат заедничко друштво.**

**(предмет бр. 08-111/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која КРОАТИА осигурање д.д., со седиште на улица ул. Ватрослава Јагича бр. 33, Загреб, Република Хрватска и АВ Интернатионал ГмбХ, со седиште на Мутхгассе 27, 1190 Виена, Австрија, склучиле Договар за заедничко вложување врз основа на кој ќе се основаат заедничко друштво.
Новоснованото друштво ќе биде под заедничка контрола на КРОАТИА осигурање д.д., и АВ Интернатионал ГмбХ, и ќе функсионира како независен економски субјект. Предмет на концентрацијата е стекнување на заедничка контрола над новоосновоното друштво.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

КРОАТИА осигурање д.д. е трговско друштво кое е основано и работи согласно прописите на Република Хрватска.. Основна дејност на учесникот КРОАТИА осигурање д.д.. е осигурување и реосигурување.
Дополнително, преку претпријатијата во сопственост на КРОАТИА осиурување д.д. (во понатамошниот текст само „Група КРОАТИА“), на географскиот пазар во Р. Хрватска но и во Р, Словенија, Босна и Херцеговина и Р.С. Македонија, покрај работите на осигурување и реосигурување, ги вршат и следните дејности: управување со пензиски фондови, вршење технички прегледи на возила, обезбедување медицински услуги, и работење со недвижности.

КРОАТИА осигурање д.д. е во мнозинска сопственост на друштвото АДРИС ГРУПА d.d., со седиште во Ровињ, Обала В. Назора 1, ЕМБС: 82023167977 (во натамошниот текст само „АДРИС ГРУПА д.д.“) чија основна дејност е управување и вложување, преку кое е пристуна на пазарот на туриза, производство на здрава храна, осигурување и енергетика.

На географскиот релевантен пазар на Р.С.Македонија, КРОАТИА осигурање д.д. е присутна на пазарот на осигурување, преку две свои поврзани претпријатија над кои остварува директна контрола и тоа:

- КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје – друштво за осигурување на живот Скопје – ул. Железничка бр. 41, 1000 Скопје, Северна Македонија во кое поседува 95% од акциите;
- КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје – Друштво за неживотно осигурување Скопје – ул. Железничка бр. 41, 1000 Скопје, Северна Македонија во кое посдува 100% од акциите.

**АВ Интернатионал ГмбХ**, е трговско друштво основано и кое работи согласно прописите на Република Австрија, кое дејствува како меѓународна холдинг и сервисна компанија во рамките на групацијата АВАГ Холдинг СЕ (во натамошниот текст: „АВАГ“).

АВАГ е една од водечките автомобилски трговски групации во Европа, со акцент на координација и административна поддршка на мрежата на авто-куќи надвор од Германија.

АВ Интернатионал ГмбХ е под непосредна контрола и во 100% сопственост на АВ Холдинг Интернатионал кое, пак, е под непосредна контрола и во 100% сопственост на АВАГ. АВ Интернатионал ГмбХ управува со меѓународните активности на AVAG преку мрежа на претпријатија под мнозинска контрола во Австрија, Хрватска, Словенија и Унгарија.

АВ Интернатионал ГмбХ не е присутна и нема поврзани друштва на географскиот пазар во Р.С. Македонија.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар за одржување и поправка на моторни возила.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.07.2026 година

Скопје